**Право на поставување прашања во врска со точките од дневниот ред**

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката одговара на поставените прашања преку свој овластен орган или застапник, доколку истото не е во спротивност со доверливоста на работењето, принципите на банкарска и деловна тајна, како и деловните интереси на Банката. Банката може да даде и збирен одговор на прашањата со иста содржина. Банката може да одговори директно на акционерот или одговорите да ги објави на интернет-страницата во формат на прашање и одговор.

Акционерот заедно со поставеното прашање задолжително приложува документи за идентификација:

1. **За акционер физичко лице се приложува:**

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена.
- Фотокопија од лична карта или пасош.

2. **За акционер правно лице се приложува:**

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена.
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал, не постара од седум дена.
- Фотокопија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Прашањето во писмена форма на акционерот со документите за идентификација мора да биде примено во Стопанска банка а.д. Битола во рок од осум дена од денот кога е објавен Јавниот повик за одржување седница на Собранието.

Адреса на која се доставува прашањето:

Стопанска Банка а.д. Битола
„Добривоје Радосављевиќ“ 21
7000 Битола
Управен одбор на Банката
Со назнака „за 51. Собрание на Стопанска банка а.д Битола“